РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 12-95/5
Датум 04.03.2011 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09 и 99/2009 и 115/2010 година), Одборот за акредитација на 34. седница одржана на 27.01.2011 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**со кое се акредитираат тригодишните студиски програми за третиот циклус докторски студии по Ветеринарна медицина на Факултет за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма од третиот циклус докторски студии по **Ветеринарна медицина** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Класификацијата на научно истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за трет циклус докторски студии по **Ветеринарна медицина** во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на третиот циклус и одбрана на докторскиот труд студентот се стекнува со научниот степен доктор на науки, научно-истражувачко подрачје : биотехнолошки науки,научно истражувачко поле: ветеринарна медицина (скратено: д-р, или PhD).

4. Составен дел на Решението е списокот на утврдени ментори, со што се определува бројот на студенти кои можат да се запишат на студиската програма од трет циклус.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Факултет за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на трет циклус на студии (докторски), како и Одлуката за усвојување на студиските програми за Ветеринарна медицина од Сенатот на унивезитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе барање до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од тертиот циклус (докторски студии), студиска програма по ветеринарна медицина.